РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 475/4
14. 04. 2021 год.-viti

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски (магистерски) студии (60 ЕКТС) по „Политички науки“ на Факултет за правни и политички науки при Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски (магистерски) студии (60 ЕКТС) по „Политички науки“ на Факултет за правни и политички науки при Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.1409-231/10 од 16.12.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје се обрати со барање бр.03-177/1 од 02.02.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-475/1 од 03.02.2021 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски (магистерски) студии (60 ЕКТС) по „Политички науки“ на Факултет за правни и политички науки при Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје.

Централен регистар на Република Северна Македонија, изврши промена на име на Прв приватен Универзитет - Фон Скопје, со одобрена пријава на 22.07.2020 година, во Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје.

Одборот за акредитација на високото образование донесе Решение бр. 08-126/3 од 09.11.2020 година за прифаќање на името на Прв приватен Универзитет ФОН, во Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје.

Министерство за образование и наука, преку допис бр.14-13030/2 од 31.12.2020 година (дополнето со допис бр.14-3517/2 од 09.03.2021 година) доставен до во Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје, потврди дека е извршена измена и ажурирање на податоци во Регистарот на високообразовните установи, каде е наведено дека „Целосниот назив на субјектот гласи: Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје“.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-475/2 од 16.02.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 01.04.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-475/3 од 07.04.2021 година, каде е наведено дека, за студиската програма од втор циклус академски (магистерски) студии (60 ЕКТС) по „Политички науки“ на Факултет за правни и политички науки при Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје, се исполнети условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:- Високообразовната установа
- Архива
изработил: Милена Ефремовска